Извештај од спроведено предавање

**“ Матурски и полуматурски прослави “**

поврзано со проектот **“ Безбедни училишта “**

На ден 19.04.2017 година во нашето училиште ООУ “Тихомир Милошевски“ се реализираше дванаесетото предавање од проектот „Безбедни училишта“. Темата на денешното предавање беше “ Матурски и полуматурски прослави “**.** На ова предавање кое беше реализирано од страна на полициски службеник од ПС Ѓорче Петров, на полуматурантите и останатите ученици им беше пренесена пораката дека прославите не треба да поминуваат со употреба на сила. Покрај забавата и другарувањето на полуматурските прослави, мора да се почитуваат и законските одредби. Исуствата покажуваат дека на прославите се случува славениците да ја загрозат својата безбедност и да го нарушат јавниот ред и мир, но и оштетуваат туѓ имот, на угостителскиот објект, на училиштето или имот на граѓаните. Секако за секој прекршок следуваат казни. Забрането е предизвикување тепачка, кршење на предмети, закани, навреди користење на погрдни зборови кон некого.

На ова предавање стана збор и за однесувањето на полуматурантите, и матурантите за време на забавата, за влијанието на алкохолот, возењето во алкохолизирана состојба. Но се заклучи дека свесноста е подигната на повисоко ниво заради кампањата која се води. Всушност свесноста за последниците и кај учениците преку ваквите проекти е подигната, но превенцијата е обезбедена преку активното учество на учениците и дискусија за време на предавањата, но и во комуникација со своите другарчиња, споделувајќи ги знаењата добиени од истите.



